# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3682 СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ 91001 - СКОПЈЕ, п.фах 51

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Среда, 5 ноември 1986 Скопје
Број 39 Год. XLII

Претплатата за 1986 година изнесува 5.800 динари. Овој број чини 150 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


611.

Врз основа на амандман XV, став 1 алинеја 4 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И ДЕЛОКРУГОТ НА СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

Член 1

Во Одлуката за организацијата и делокругот на Стручните служби на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ број 21/83) во член 28 став 3 се брише.

Член 2

Член 30 се менува и гласи:

„Раководни работници во службите на Собранието на СРМ, во смисла на овaa одлука се работниците што ги именува Собранието и соборите, односно што ги назначува и разрешува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ.

Собранието именува заменик на секретарот на Собранието на СРМ и републички советници по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ.

Вишите и самостојните советници на Собранието, помошникот на секретарот на Собранието на СРМ, секретарите на службите, шефот на Кабинетот на претседателот на Собранието, советниците во соборите и секретарите на работните тела на Собранието и соборите ги назначува и разрешува од должност Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ, по предлог на секретарот на Собранието на СРМ.

Раководните и другите работници од ставовите 2 и 3 на овој член се именуваат, односно назначуваат за време од 4 години и по истекот на тој рок можат да бидат повторно именувани, односно назначени“.

Член 3

Член 31 се менува и гласи:

„Личниот доход на работниците од член 2 на оваа одлука го определува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ, во согласност со основите и мерилата утврдени во Општествениот договор и Одлуката за заедничките основи и мерила за стекнување и распределба на средствата за лични доходи на именуваните функционери и раководни работници во републичките органи и во општествено-политичките организации во Републиката“.

Член 4

По член 31 се додаваат два нови члена кои гласат:

„Член 31-а

При именувањето и назначувањето на раководните работници во службите на Собранието на СРМ се применуваат соодветните одредби од Општествениот договор за остварување на кадровската политика во органите и организациите во Републиката.

Член 31-б

На работниците од член 2 на оваа одлука се применуваат одредбите од Законот за државната управа кои се однесуваат за раководни работници во републичките органи на управата, ако со оваа одлука не е поинаку определено“.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2791/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вуллнет Старова**, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Илија Глигороски**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов**, с. р.

612.

Врз основа на Амандман XVI алинеја 4 од Уставот на СРМ и точка 6 од Општествениот договор за заедничките основи и мерила за утврдување на личните доходи и на другите примања и надоместоци на функционерите во републичките органи и органите на општествено-политичките организации во Републиката („Службен весник на СРМ“ број 20/85), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВИТЕ И МЕРИЛАТА ЗА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ И ДРУГИТЕ ПРИМАЊА И НАДОМЕСТОЦИ НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА, ОДНОСНО ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и другите примања и надоместоци на функционерите што ги избира, односно именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 20/85) член 13 се менува и гласи:

„Вредноста на бодот ја утврдува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ врз основа на усогласениот предлог на Комисијата за следење на спроведувањето на Општествениот договор“.

Член 2

Член 14 се менува и гласи:

„Вредноста на бодот се усогласува во текот на годината тримесечно во согласност со остварениот просечен личен доход по работник во стопанството во Републиката во претходното тримесечје".

Член 3

Во член 26 точка 3 ставот 1 се менува и гласи:

„Дневници за службено патување во земјата — до 12% од просечно остварениот месечен личен доход на вработените во стопанството на СРМ во претходната година, а кога се приложува сметка за спиење, се признава во целост износот на трошоците за сместување во хотел од „Б" категорија".

Точката 10 се менува и гласи:

„Отпремнина при одење во пензија — изнесува три просечни лични доходи на функционерот остварени во претходното тримесечје".

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2807
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова**, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов**, с. р.

**613.**

Врз основа на Амандман XVI алинеја 4 од Уставот на СРМ и точка 6 од Општествениот договор за заедничките основи и мерила за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и на другите примања и надоместоци на носителите на правосудните функции, функционерите и раководните работници во републичките органи и во општественополитичките организации во Републиката, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВИТЕ И МЕРИЛАТА ЗА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ И ДРУГИ ПРИМАЊА И НАДОМЕСТОЦИ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ПРАВОСУДНИТЕ ФУНКЦИИ ШТО ГИ ИЗБИРА И ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СРМ И ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа одлука во согласност со заедничките основи и мерила утврдени со Општествениот договор за заедничките основи и мерила за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на носителите на правосудните функции, функционерите и раководните работници во републичките органи и во општествено-политичките организации во Републиката (во натамошниот текст: Општествен договор), се утврдуваат основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други лични примања и надоместоци на определени материјални трошоци на носителите на правосудните функции што ги избира и именува Собранието на СР Македонија и функционерите и раководните работници во Стручните служби на Собранието на СРМ што се именувани, односно назначени на определено време и подлежат на повторно именување, односно назначување.

Со оваа одлука се врши и распоред на работите и задачите во групи на работи и задачи и се утврдува горната граница на вкупниот број бодови за секоја група работи и задачи.

Член 2

Личните доходи на носителите на правосудни функции што ги избира и именува Собранието на СРМ и функционерите и раководните работници во Стручните служби во Собранието на СРМ, се утврдуваат согласно со вкупниот придонес што со својот тековен и минат труд го дале за остварување на работите и работните задачи во вршењето на функцијата на органот.

### II. ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ

Член 3

Средствата за лични доходи на носителите на правосудните функции што ги избира и именува Собранието на СРМ и функционерите и раководните работници во Стручните служби на Собранието на СРМ (во натамошниот текст: функционерот, односно раководниот работник) се обезбедуваат во вкупен износ во рамките на вкупните средства за финансирање на работите на органот.

Член 4

Вкупниот износ на средствата за лични доходи на функционерите, односно раководните работници се обезбедуваат зависно од:

— оцената на вредноста на работите и задачите што се содржина на функцијата, односно раководното место;

— оцената на вкупниот придонес што функционерот со својот тековен и минат труд го дава за остварување на функциите на органот и

— програмите за работа на органот.

Член 5

Вредноста на работите и задачите што се содржина на функцијата, односно раководното место се утврдува зависно од:

— значењето на работите и задачите што се содржина на функцијата, односно раководното место;

— сложеноста и обемот на работите и задачите и

— одговорноста за вршење на работите и задачите.

Вредноста на работите и задачите се изразува со бодови.

Член 6

Оценувањето на значењето на работите и задачите што се содржина на функцијата, односно раководното место се врши зависно од:

— карактерот на работите и задачите во зависност од тоа дали предимно се опфатени прашањата кои се однесуваат на изградбата и развојот на општествено-економскиот и политичкиот систем, како и други прашања од пошироко општествено значење и прашања што се однесуваат на спроведувањето на утврдената политика и

— стручната оспособеност и искуство во вршење на работите и задачите.

Бројот на бодовите со кој се изразува значењето на работите и задачите може да изнесува најмногу до 30% од вкупниот број на бодови.

Член 7

Оценувањето на сложеноста и обемот на работите и задачите што се содржина на функцијата, односно раководното место се врши зависно од:

— видот на работите и задачите и
— обемот и интензитетот на работите и задачите.

Бројот на бодовите со кој се изразува сложеноста и обемот на работите и задачите може да изнесува најмногу до 40% од вкупниот број на бодови.

Член 8

При оценувањето на одговорноста за вршење на работите и задачите се земаат предвид:

— степенот и карактерот на одговорност за вршење на работите и задачите;
— самостојност во вршењето на работите и задачите и
— одговорност за организација и координација на работите и задачите.

Бројот на бодовите со кој се изразува одговорноста за вршење на работите и задачите може да изнесува најмногу до 30% од вкупниот број на бодови.

Член 9

Бројот на бодовите со кој се изразува вредноста на работите и задачите, во согласност со критериумите од членовите 6, 7 и 8 од оваа одлука, по групи на работи и задачи изнесува:

| | |
|---|---|
| I група | до 3400 бодови |
| II група | до 3000 „ |
| III група | до 2700 „ |

Член 10

Распоред на работите и задачите во групи на работи и задачи:

Прва група:

— директор на фондот за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта,
— републички советник во Собранието на СР Македонија,
— заменик на секретарот во Собранието на СР Македонија,
— виши советник во Собранието на СР Македонија,
— секретар на собор на Собранието на СР Македонија,
— судија на Врховниот суд на Македонија,
— заменик на јавниот обвинител на Македонија,
— судија на Судот на здружениот труд на Македонија,
— судија на Стопанскиот суд на Македонија,
— заменик на републичкиот јавен правобранител на Македонија,
— заменик на републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето,
— претседател на окружен суд,
— окружен јавен обвинител,
— претседател на Основниот суд на здружениот труд на Македонија и
— претседател на окружен стопански суд.

Втора група:

— шеф на Кабинетот на претседателот на Собранието на СР Македонија,
— самостоен советник во Собранието на СРМ,
— секретар на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СР Македонија,
— секретар на Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ,
— секретар на Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство на Собранието на СРМ,
— секретар на Комисијата за уставни прашања на Собранието на СРМ,
— помошник на секретарот на Собранието на СР Македонија,
— секретар на Републичката изборна комисија,
— судија на Републичкиот суд за прекршоци,
— судија на окружен суд,
— заменик окружен јавен обвинител,
— постојан судија на Основниот суд на здружениот труд,
— судија на окружен стопански суд и
— секретар на служба.

Трета група:

— советник во собор на Собранието на СРМ,
— советник во Кабинетот на претседателот на Собранието на СРМ,
— секретар на постојано работно тело на Собранието на СРМ,
— секретар на меѓусоборско работно тело и
— секретар на постојано работно тело на собор на Собранието на СРМ.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ, го утврдува износот на бодовите за одделните функции, односно раководни места во рамките на групите на работи и задачи утврдени во член 9 од оваа одлука.

Личниот доход на функционерите и раководните работници во Стручните служби на Собранието на СРМ, го определува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ на предлог на секретарот на Собранието, а во согласност со основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата утврдени со оваа одлука.

Член 11

Вредноста на бодот се утврдува за тековната година најдоцна до 31 март во годината, во согласност со утврдената политика за општествено-економскиот развој што се однесува на движењето на општата и заедничката потрошувачка во Републиката.

До утврдувањето на вредноста на бодот за тековната година исплатата на личните доходи се врши според вредноста на бодот во декември од претходната година.

Член 12

Вредноста на бодот се утврдува во зависност од планираниот пораст на општествениот производ и доходот и од растот на општествената продуктивност на трудот, водејќи сметка за планираното ниво и динамиката на просечните лични доходи на работниците во стопанството во Републиката.

Член 13

Вредноста на бодот ја утврдува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ врз основа на усогласениот предлог на Комисијата за следење спроведувањето на Општествениот договор.

Член 14

Вредноста на бодот се усогласува во текот на годината тримесечно во согласност со остварениот просечен личен доход по работник во стопанството во Републиката во претходното тримесечје.

Член 15

Вкупниот износ на средствата што се стекнуваат за лични доходи на функционерите, односно раководните работници се утврдува на крајот на годината за наредната година.

Од вкупните средства од став 1 на овој член се издвојуваат средства во износ од 5% кои се распределуваат во зависност од остварените резултати во извршувањето на работите и задачите.

Вкупниот износ на средствата од став 1 на овој член може со одлука на Собранието на СРМ соодветно да се зголеми, односно намали во текот на годината за која е утврден, ако битно се зголемат, односно намалат работите и задачите утврдени со програмата за работа на органот.

## III. РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ

Член 16

Личниот доход на функционерот, односно раководниот работник се утврдува согласно со вредноста на работите и задачите што ги врши врз основа на неговиот придонес што го дава со својот тековен труд (дел на личниот доход врз основа на

тековен труд) и минат труд (дел од личниот доход врз основа на минатиот труд) и во зависност од работата на органот во кој ги врши работите и задачите.

Поединечниот придонес на функционерот, односно раководниот работник од став 1 на овој член се утврдува според придонесот што го дал во извршувањето на работите и задачите утврдени со програмата за работа на органот во кој ги врши работите и задачите и другите извршени работи и задачи што ќе му се доверат, во рамките на вкупните средства за лични доходи утврдени со општиот акт на органот.

Член 17

Делот на личниот доход врз основа на тековниот труд се утврдува во зависност од општественото значење, сложеноста и обемот на работите и задачите и одговорноста за нивното вршење во смисла на членовите 6, 7 и 8 од оваа одлука.

Член 18

Делот на личниот доход врз основа на тековен труд се утврдува и во зависност од остварените резултати на функционерот, односно раководниот работник во извршувањето на работите и задачите утврдени со програмите за работа на органот.

Функционерот, односно раководниот работник во случај кога подолго од 3 месеци заменува отсутен функционер или раководен работник има право на разлика меѓу неговиот личен доход и личниот доход на отсутниот функционер или раководен работник или право на награда доколку неговиот личен доход е ист или повисок од личниот доход на лицето што го заменува. Износот на наградата го определува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СР Македонија сразмерно на неговото ангажирање.

Член 19

До донесувањето на конкретни решенија со кои поблиску ќе се определат критериумите за вреднување на минатиот труд согласно со одредбите од Законот за проширената репродукција и минатиот труд, делот на личниот доход врз основа на минатиот труд се утврдува зависно од времето кое функционерот или раководниот работник го поминал во вршење на работите и задачите во својот работен век (работен стаж), што се признава за стекнување со право на пензија.

Член 20

Делот на личниот доход врз основа на минатиот труд се утврдува така што делот на личниот доход што функционерот, односно раководниот работник го остварува врз основа на тековниот труд се зголемува за секоја навршена година на работниот стаж за 0,50%, а најмногу до 20%.

На функционер, односно раководен работник — жена со навршени 25 години работен стаж за секоја наредна година процентот од став 1 на овој член се зголемува уште за 0,25%, а најмногу до 20%.

## ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ

Член 21

Личниот доход на функционерот, односно раководниот работник се исплатува во текот на годината во вид на месечна аконтација.

Месечната аконтација на личниот доход на функционерот, односно раководниот работник се утврдува во рамките на вкупните средства за лични доходи обезбедени со финансискиот план на органот.

При утврдувањето на аконтацијата од став 2 на овој член претходно од вкупните средства за лични доходи се издвојуваат средства во износ од 5%.

Средствата на делот на личниот доход од став 3 на оваа точка се пресметуваат и исплатуваат по правило за секој три месеци врз основа на оцената за остварените резултати од трудот на функционерот, односно раководниот работник во извршувањето на работите и задачите утврдени со програмата за работа на органот кој ги врши работите и задачите, како и на другите работи и задачи.

Член 22

Личниот доход на функционерот, односно раководниот работник конечно се утврдува по истекот на годината, врз основа на оцената за поединечниот придонес во извршувањето на работите и задачите.

При оценувањето на резултатите во трудот на функционерот, односно раководниот работник заради конечно утврдување на неговиот личен доход се земаат предвид особено елементите што не биле разгледувани при утврдувањето на вредноста на работите и задачите, што се содржина на функцијата (посебниот творечки придонес во извршувањето на работите и задачите и друго).

Член 23

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ ќе го утврди бројот на бодовите со кој се изразува вредноста на одделните работи и задачи во рамките на групите на работи и задачи, висината на личниот доход по основ на тековен труд, делот по основ на минат труд и делот на личниот доход по основ на поединечниот придонес.

Член 24

Оцената за поединечниот придонес во извршувањето на програмата на органот, извршувањето на работите и задачите и резултатите од работата на носителите на правосудните функции, функционерите и раководните работници ја дава Собранието на СР Македонија, односно Претседателството на Собранието на СР Македонија.

Член 25

Поединечни решенија за личниот доход донесува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СР Македонија.

## IV. ДРУГИ ПРИМАЊА И НАДОМЕСТОЦИ НА ОПРЕДЕЛЕНИ МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ НА НОСИТЕЛИТЕ НА ПРАВОСУДНИ ФУНКЦИИ, ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ ФУНКЦИИ

Член 26

Функционерот, односно раководниот работник има право на следниве примања и надоместоци:

1. Дневниците за службено патување во земјата до 12% од просечно остварениот месечен личен доход на вработените во стопанството во Републиката во претходната година, а кога се приложува сметка за спиење се признава во целост износот на трошоците за сместување во хотел од „Б" категорија.

Дневниците за службено патување во странство се определуваат со пропис на надлежниот орган на општествено-политичката заедница врз основа на Законот, односно со одлука на надлежниот орган на општествено-политичката организација;

2. Надоместок за трошоците за користење на сопствено возило за службени потреби — до износот кој за еден поминат километар не може да биде поголем од 15% од продажната цена на еден литар бензин;

3. Надоместок за одвоен живот од семејството — до 80% од просечниот личен доход по работник, остварен во стопанството во Републиката од претходната година на подрачјето на општината, односно градот во кој се вршат работите и работните задачи, но не повеќе од просечниот личен доход по работник остварен во стопанството во Републиката, под условите пропишани со општиот акт на органот или на организацијата;

4. Надоместок за селидбени трошоци од местото на живеење во местото во кое се вршат работите и задачите, а по престанувањето на работите — до местото на преселувањето, вклучувајќи ги и трошоците за превоз на функционерот, односно раководниот работник и на членот на неговото семејство според

вистинските трошоци, врз основа на документацијата за исплата на селидбените, односно трошоците за превоз;

5. Надоместок за користење на годишен одмор — до 60% од остварениот личен доход на работниците во стопанството во Републиката во претходната година;

6. Надоместок на трошоците за превоз во градскиот сообраќај до работното место и обратно — под услови и во износ утврдени и за работниците во работната заедница на органот во кој се вршат работите и задачите;

7. Надоместок на трошоците за општествена исхрана — под услови и во износ утврдени за работниците во работната заедница на органот во кој се вршат работите и задачите;

8. Отпремнината при одење во пензија изнесува 3 просечни лични доходи на функционерот, остварени во претходното тримесечје;

9. Надоместок на трошоците за превоз заради посета на семејството од кое функционерот, односно раководниот работник живее одвоено до четири патувања месечно со поднесување на сметка за трошоците за превоз;

10. Надоместок на трошоците во случај на смрт на функционерот, односно раководниот работник — во висина на два последни месечни лични доходи и

11. Надоместок на личниот доход за време на првите 30 дена на привремена спреченост за работа (боледување) — во износ до 90% од просечниот личен доход на функционерот, односно раководниот работник остварен во претходните 3 месеци.

Член 27

На функционерот, односно раководниот работник може да му се исплатуваат и други надоместоци (помош во случај на подолга и потешка болест и за случај на подолга или потешка болест или смрт на член на потесното семејство кое не остварува личен доход, пензија или други примања; во случај на елементарни непогоди или пожари кои предизвикале штета на имотот на функционерот, односно раководниот работник и неговото потесно семејство, право на колективно осигурување со средства на Собранието на СРМ и други), под услови утврдени на работниците во работната заедница на Собранието на СРМ.

Член 28

На функционерот, односно раководниот работник му припаѓа надомест на личен доход за време на: празниците; користење на годишен одмор; отсуство поради бременост и породување; отсуство поради нега на дете; воена вежба, оспособување и обука за одбрана и заштита; учество во територијална одбрана и цивилна заштита; јавување на покани од воени и други органи до кои е дојдено без вина на функционерот и вршење на јавни функции.

Член 29

Висината на надоместокот предвидени со точките 1, 2, 3, 4 и 5 од член 26 на оваа одлука ја утврдува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ согласно со усогласениот став на Комисијата за следење спроведувањето на Општествениот договор.

Член 30

Другите примања и надоместоци на определени материјални трошоци утврдени со Општествениот договор и со оваа одлука функционерот, односно раководниот работник ги остварува за време на вршењето на работите и задачите во органот, а по неговото престанување во случаите и под условите утврдени со општ акт на органот.

V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за личните доходи и другите примања на делегатите и функционерите што ги избира и именува Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ" број 15/78); Одлуката за основите и мерилата за утврдување на личните доходи за распоредување на функциите во групите на функции и за определување коефициентите на функционерите во правосудните органи во Републиката и републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето („Службен весник на СРМ" број 27/78) и Одлуката за основите и мерилата за утврдување на личните доходи и другите примања на раководните и другите работници што ги именува и назначува Претседателството на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ" број 21/84).

Член 32

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2808
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Петар Карајанов,** с. р.

---

**614.**

Врз основа на член 90 став 2 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА СУДИИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА

Се разрешува од должноста судија на Врховниот суд на Македонија:

Миладин Стојанов, поради именување на друга должност.

За судии на Врховниот суд на Македонија се избираат:

Митко Зиков, судија на Окружниот суд во Скопје и

Коста Хаџи Лега, судија на Окружниот суд во Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2804
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

---

**615.**

Врз основа на член 35 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ" бр. 10/76, 30/77, 6/81 и 46/82), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ НА МАКЕДОНИЈА

За заменик јавен обвинител на Македонија се именува

Никола Стојанов, заменик јавен обвинител на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2806
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**616.**

Врз основа на член 36 од Законот за општествениот правобранител на самоуправувањето („Службен весник на СРМ" број 47/75 и 6/81), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ ОПШТЕСТВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА САМОУПРАВУВАЊЕТО

За заменик на Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето се именува Доксим Дирлев, раководител на секторот за општествено-политички систем на ЦК на СКМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2805
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**617.**

Врз основа на член 92 став 1 точка 3, а во врска со член 142 став 3 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА УСТАВНИ ПРАШАЊА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За членови на Комисијата за уставни прашања на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избираат:

академик Евгение Димитров,
д-р Ѓорѓи Цаца и
д-р Асен Групче.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2803
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**618.**

Врз основа на член 41 од Законот за општествената самозаштита („Службен весник на СРМ" број 18/76) и точка IV од Одлуката за формирање на Координационо тело за општествена самозаштита, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КООРДИНАЦИОНОТО ТЕЛО ЗА ОПШТЕСТВЕНА САМОЗАШТИТА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За членови на Координационото тело за општествена самозаштита на Собранието на СРМ се именуваат:

Ацо Тренев, РК на ССРНМ,
Љупчо Бундалевски, помошник на секретарот на РСИЗ за насочено образование,
Зоран Јанковски, претседател на Комисијата за ОНО и ОСЗ на РК на ССММ,
Драган Крстевски, директор на Работна заедница за Кавадарци, Рудници и железарница „Скопје" — Скопје,
Илија Јовчевски, помошник на секретарот на Извршниот совет на Собранието на СРМ,
Мицко Мицев, заменик на секретарот на РСИЗ за научни дејности,
Дивна Павлеска, РСИЗ за здравство и здравствено осигурување.
Љупчо Ковчегарски, секретар на Стопанската комора на Македонија и
Васил Петковски, судија на Врховниот суд на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2802
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**619.**

Врз основа на член 162 став 2 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ, РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ИНФОРМАЦИИ И РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

I

Се разрешува од функцијата член на Републичкиот комитет за меѓународни односи и член на Републичката комисија за односи со верските заедници Душан Трајковски, поради заминување на друга должност.

За член на Републичкиот комитет за меѓународни односи и за член на Републичката комисија за односи со верските заедници се именува Аврам Куковски, потсекретар во Службата за државна безбедност во Републичкиот секретаријат за внатрешни работи.

II

Се разрешува од функцијата член на Републичкиот комитет за информации Кирило Коштанов, поради заминување на друга должност.

За член на Републичкиот комитет за информации се именува Јордан Арсовски, помошник на републичкиот секретар за внатрешни работи.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2801
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

**620.**

Врз основа на член 178 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" број 45/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО СОБРАНИЕТО НА СРМ

За републички советник во Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува д-р Драган Шојлевски, републички советник во Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2800
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

621.

Врз основа на член 27 став 2 од Законот за старосно осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ“ број 15/78), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА МИНИМАЛНИТЕ СТАРОСНИ И СЕМЕЈНИ ПЕНЗИИ ВО 1986 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за усогласување на минималните старосни и семејни пензии во 1986 година, што ја донесе Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците, на седницата одржана на 23 септември 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2846/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

622.

Врз основа на член 257 ставови 1 и 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОРИ И ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ООЗТ КЛИНИКА ЗА ХИРУРШКИ БОЛЕСТИ — СКОПЈЕ

За членови на Комисијата за избори и именување индивидуален работоводен орган на ООЗТ Клиника за хируршки болести — Скопје се именуваат:

Димитар Спировски, виши советник во Собранието на СР Македонија и

д-р Стево Стровјановски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ (вработен во Медицинскиот центар во Титов Велес).

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2827/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

623.

Врз основа на член 256 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ООЗТ ИНСТИТУТ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА ПРИ ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

За членови на Комисијата за изготвување предлог за именување директор на ООЗТ Институт за заштита на растенијата при Земјоделскиот факултет — Скопје се именуваат:

Јован Силјановски, член на ГК на ССРНМ, вработен во РЕ „Билкарство“ при РО „Алкалоид“ — Скопје и

Вера Атанасовска, секретар на Одборот за земјоделство и шумарство на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2826/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

624.

Врз основа на член 257 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

За членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Машинскиот факултет во Скопје се именуваат:

Димитар Симоновски, член на ГК на ССРНМ, вработен во ФАС „11 Октомври“ — Скопје и

Небојша Јанкуловски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ (вработен во ЖТО — ЗС — Скопје).

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2825/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

625.

Врз основа на член 257 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА КЛИНИКАТА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

За членови на Комисијата за изготвување предлог за именување директор на Клиниката за хематологија при Медицинскиот факултет — Скопје се именуваат:

д-р Богољуб Јовев, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ и

д-р Петар Гајдов, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ (вработен во Медицинскиот центар во Титов Велес).

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2824/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

626.

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за библиотечната дејност („Службен весник на СРМ“ број 25/84), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 24 октомври 1986 година ,донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА НАРОДНАТА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ — СКОПЈЕ

За членови на Конкурсната комисија за утврдување предлог за именување директор на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски“ — Скопје, се именуваат:

Нецат Јашар, секретар на Службата за документација и библиотека при Собранието на СРМ и

Чедомир Стојковски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2823/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

627.

Врз основа на член 28 од Општествениот договор за заедничките критериуми и мерила за решавање на станбените потреби на работниците во организациите на здружениот труд и работните заедници, Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ КРИТЕРИУМИ И МЕРИЛА ЗА РЕШАВАЊЕ НА СТАНБЕНИТЕ ПОТРЕБИ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД И РАБОТНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

За член на Комисијата за следење спроведувањето на Општествениот договор за заедничките критериуми и мерила за решавање на станбените потреби на работниците во организациите на здружениот труд и работните заедници се делегира м-р Елена Михајлова, претседател на Одборот за урбанизам и станбено-комунални прашања на Соборот на општините на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2822/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

628.

Врз основа на член 6 од Правилата на Титовиот фонд за стипендирање млади работници и деца на работници во СР Македонија („Службен весник на СРМ“ број 9/79), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ДЕЛЕГАТИ ВО СОБРАНИЕТО НА ТИТОВИОТ ФОНД НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СТИПЕНДИРАЊЕ МЛАДИ РАБОТНИЦИ И ДЕЦА НА РАБОТНИЦИ

За делегати во Собранието на Титовиот фонд на Социјалистичка Република Македонија за стипендирање млади работници и деца на работници се делегираат:

Дуца Јанкуловска, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ (вработена во РО „Алкалоид“ ООЗТ „Алкалоид-комерц“) и

Кирил Алексовски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2821/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

629.

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за филмската дејност („Службен весник на СРМ“ број 15/86), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА РО „ВАРДАР-ФИЛМ“ — СКОПЈЕ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ФИЛМОВИ „ВАРДАР-ФИЛМ“ — СКОПЈЕ

Се дава согласност на Одлуката на Советот на РО „Вардар-филм“ — Скопје, со која за директор на РО за производство на филмови „Вардар-филм“ — Скопје се именува Стево Црвенковски, режисер.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2811/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

630.

Врз основа на член 9 од Законот за Наградата „АВНОЈ“ („Службен лист на СФРЈ“ број 49/79), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ ЗА НАГРАДАТА „АВНОЈ“

Се разрешуваат членовите и замениците на членовите на Одборот за Наградата „АВНОЈ“ поради избор на нови функции:

1. Стојан Андов,
негов заменик
— Ванчо Здравев,
2. Азем Зулфиќари,
негов заменик
— Киро Поповски и
3. Живко Василевски,
негов заменик
— Слободан Унковски.

За членови и заменици на членовите на Одборот за наградата „АВНОЈ“ се избираат:

1. Владо Камбовски, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СРМ,
негов заменик
— Ванчо Здравев, генерален директор на „Интекс“;

2. д-р проф Петре Георгиевски, член на Претседателството на ЦК на СКМ,
негов заменик
— Мирко Апостоловски, член на Претседателството на ССМ и

3. Љупка Хаџиристова, член на Претседателството на ССРНМ,
негов заменик
— Слободан Унковски, режисер.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2813/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**631.**

Врз основа на член 8 од Законот за наградата „Едвард Кардељ“ („Службен весник на СФРЈ“ број 25/81), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА НАГРАДАТА „ЕДВАРД КАРДЕЉ“

Се разрешува членот на Одборот на наградата „Едвард Кардељ“ д-р Александар Донев, поради именување на нова функција.

За член на Одборот за наградата „Едвард Кардељ“ се избира д-р Филип Лазарески, секретар на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2812/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**632.**

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

Се разрешува претставникот на општествената заедница во Советот на Машинскиот факултет во Скопје инж. Драган Андреевски, поради истек на времето за кое е именуван.

За претставник на општествената заедница во Советот на Машинскиот факултет во Скопје се именува Иванчо Ивановски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ (маш. инж., вработен во СОЗТ МЗ „Тито“ — Скопје).

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2815/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**633.**

Врз основа на член 247 и 248 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА КАДРИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОПШТЕСТВЕНА САМОЗАШТИТА „ЕЛИСИЕ ПОПОВСКИ МАРКО“

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита „Елисие Поповски Марко“, поради истек на времето за кое се именувани:

Момчило Апостолов и
Владимир Ајановски.

За претставници во Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита „Елисие Поповски Марко“ се именуваат:

Русе Нелковски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ и

Киро Димовски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, вработен во Југомонтажа „Благој Давков“ ООЗТ Југопроект — Скопје (претседател на Комитетот за ОНО и ОСЗ на ниво на РО).

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2820/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**634.**

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ — ИНСТИТУТИ ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на ООЗТ — Институти при Медицинскиот факултет во Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Трпе Јаневски,
Васил Сарев и
Радмила Хорватиќ.

За претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институти при Медицинскиот факултет во Скопје, се именуваат:

Зоран Пејчев, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ (дипл. правник вработен во РО „Трготекстил“ — Скопје),

Томо Софрониевски, член на Советот на Републиката и

д-р Стево Стровјановски, делегат во Соборот на општините во Собранието на СРМ (вработен во Медицинскиот центар Титов Велес).

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2819/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**635.**

Врз основа на членовите 247 и 248 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ — ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО ПРИ ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Се разрешува претставникот на општествената заедница во Советот на ООЗТ — Институт за сточарство при Земјоделскиот факултет во Скопје, поради истек на времето за кое е именуван м-р Апостол Целевски.

За претставник на општествената заедница во Советот на ООЗТ — Институт за сточарство при Земјоделскиот факултет во Скопје, се именува Ѓорѓи Камчевски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ (вработен во ЗИК „Скопско Поле“ ООЗТ „Млекарница“).

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2818/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**636.**

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ ЦЕНТАР ЗА БИОЛОШКИ И БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ ВО СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Советот на Универзитетскиот центар за биолошки и биотехнички науки во Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Илија Оровчанец и
Цветко Теофиловски.

За претставници на Советот на Универзитетскиот центар за биолошки и биотехнички науки во Скопје се именуваат:

Милутин Маниќ, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СР Македонија (вработен во ЗИК „Куманово“ — Извоз-увоз — ООЗТ „Земјоделие“) и

Никола Поповски, член на Советот на Републиката.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2817/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**637.**

Врз основа на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на организација за приредување игри на среќа („Службен весник на СРМ“ број 46/72 и 26/80), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ВО СОВЕТОТ НА ЛОТАРИЈА

Се разрешуваат претставниците на Собранието на СРМ во Советот на лотарија поради истек на времето за кое се именувани:

Ангеле Божиновски,
Велимир Вељановски и
Благој Ристоманов.

За претставници на Собранието на СРМ во Советот на лотарија се именуваат:

Џавид Беговски, член на Советот на Републиката,
Ванчо Цветковски, општествено-политички работник и
Сокол Симовски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2816/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**638.**

Врз основа на член 68 став 2 од Законот за железниците („Службен весник на СРМ“ број 46/78), Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЛАВЕН ДИРЕКТОР НА СОВЕТОТ НА ЖТО СКОПЈЕ

Се дава согласност на Одлуката на Советот на ЖТО Скопје со која за главен директор е именуван Александар Варналиев, главен директор на ЖТО Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2814/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**639.**

Врз основа на член 60 од Законот за научноистражувачката дејност („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 24 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА РЕПУБЛИЧКАТА ЗАЕДНИЦА ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ — СКОПЈЕ

Се потврдува Статутот на Републичката заедница за научно-истражувачка дејност — Скопје, што го

донесе Собранието на Републичката заедница за научно-истражувачка дејност — Скопје, на седницата одржана на 29 април 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2845/1
24 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски**, с. р.

**640.**

Врз основа на член 393, точка 4 од Уставот на СРМ и член 83, став 1 од Законот за Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ" бр. 43/81), Извршниот совет на Собранието на СРМ, донесе

## УРЕДБА
## ЗА ДЕФИНИРАЊЕ, ДОГОВАРАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ И ПРИФАЌАЊЕ НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ КОИ ЦЕЛОСНО ИЛИ ДЕЛУМНО СЕ ФИНАНСИРААТ ОД СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИКАТА

Член 1

Со оваа уредба се уредува дефинирањето, договарањето, следењето и прифаќањето на научноистражувачки проекти (во натамошниот текст: проекти) кои целосно или делумно се финансираат од средствата на Републиката.

Член 2

Потребата од подготвување на проектот и износот на потребните наменски средства се утврдуваат во програмата за работа на републичкиот орган на управата надлежен за работите во областа за која се подготвува проектот (во натамошниот текст: овластен орган).

За подготвување на проект кој е од заеднички интерес за повеќе републички органи на управата, како овластен орган се смета Републичкиот комитет за наука, технолошки развој и информатика.

Член 3

Работите на дефинирањето, договарањето, следењето и прифаќањето на проектот ги врши овластениот орган.

Член 4

Овластениот орган може да формира комисија за изработка на проектна задача и за дефинирање на потребните услови за подготвување на проектот.

Член 5

За секој проект кој се финансира од средствата на Републиката, овластениот орган образува Совет на проектот како работно тело

Претседателот и членовите на Советот на проектот се именуваат од редот на истакнати научни и стручни работници. Во работата на Советот на проектот учествува најмалку еден претставник од овластениот орган.

Член 6

Советот на проекти ги врши работите што се однесуваат на:

— потврдување на проектната задача;

— прибирање и разгледување на понуди за изработка на проектот;

— предлагање на носител и реализатори на проектот;

— предлагање на рецензиона комисија ако проектот се финансира целосно од средствата на Републиката;

— организирање на одбрана на проектот и давање предлог за објавување на резултатите од проектот, ако проектот се финансира целосно од средствата на Републиката; и

— утврдување мислења и предлози во врска со изработката на проектот.

Член 7

Овластениот орган ги разгледува мислењата и предлозите на Советот на проектот за изработениот проект.

Ако овластениот орган не ги прифати мислењата и предлозите на Советот на проектот, за причините поради кои не ги прифатил ќе го извести Советот на проектот и Извршниот совет на Собранието на СРМ.

Член 8

Овластениот орган го известува Извршниот совет на Собранието на СРМ, за прифаќањето на проектот и за носителот и учесниците во неговата изработка.

Член 9

Овластениот орган го известува Извршниот совет на Собранието на СРМ за текот на изведувањето на проектот и по потреба предлага мерки за разрешување на евентуалните проблеми, за изработениот проект, за начинот на неговото објавување и за можностите за користење на добиените резултати.

Член 10

Ако проектот се финансира целосно од средствата на Републиката, договорот за изработка на проектот со носителот на проектот го склучува функционерот што раководи со овластениот орган.

Ако проектот се финансира делумно од средствата на Републиката функционерот што раководи со овластениот орган склучува договор со другите учесници во финансирањето кои го преземаат остатокот од обврската за финансирање на проектот и користењето на резултатите од истиот.

Во договорот од став 2 на овој член, покрај другото, се утврдуваат односите меѓу учесниците во финансирањето на проектот, формирањето и работата на рецензионата комисија, постапката за одбрана на проектот и рокот за завршување на проектот.

Член 11

Во Договорот за изработка на проектот, покрај другото, се утврдува и обврска за носителот на проектот, повремено да го известува овластениот орган за текот на реализацијата на проектот, за добиените резултати и евентуалните проблеми во изработката на проектот и за начинот и динамиката на исплаќање на извршените работи по проектот.

Член 12

За проектот што целосно се финансира од средствата на Републиката, по завршувањето на одделни фази во неговата изработка (ако е тоа предвидено со проектната задача), како и по целосната изработка на проектот, рецензионата комисија поднесува извештај до Советот на проектот.

По извештајот на рецензионата комисија за изработениот проект, Советот на проектот организира одбрана на проектот, со давање на оценка за применливоста на резултатите од проектот.

По одбраната на проектот Советот на проектот поднесува извештај до овластениот орган.

Член 13

На претседателот и на членовите на Советот на проектот и на учесниците во неговата работа им припаѓа надоместок за учествување во работата на Советот и за патните трошоци. Висината на надоместокот се утврдува со посебен пропис на Извршниот совет.

Член 14

Вршењето на стручните и административните работи за потребите на Советот на проектот го обезбедува овластениот орган.

Член 15

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-1503/2
29 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**641.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 1 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот за оценување уставноста и законитоста на член 40 став 3 од Самоуправната спогодба за решавање на станбените потреби на работниците во Работната организација „Гоце Радосављевиќ" од Битола, донесена со референдум на 30 јуни 1982 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Работната организација на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето на општините Битола и Демир Хисар, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 40 став 3 од Самоуправната спогодба означена во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот, со означениот член од Самоуправниот општ акт се нарушува уставното начело на еднаквост, затоа што при ист број бодови на повеќе работници на ранг-листата за остварување на правото на стан односно станбен кредит, предност има работник со подолг работен стаж во Работната организација.

4. На седницата Судот утврди дека во оспорениот член се определени критериумите за утврдување редот на првенството за доделување на станови и станбени кредити, во случаите кога повеќе работници остваруваат еднаков број на бодови на ранг-листата. Притоа, предност има работник со повеќе бодови по основ станбена загрозеност, а ако предноста не може да се утврди по претходниот основ, тогаш предност има работникот со подолг работен стаж во Работната организација.

5. Согласно член 34 став 1 и член 214 од Уставот на СР Македонија, како и со член 42 и 42-а од Законот за станбените односи („Службен весник на СРМ" бр. 36/73 и 27/86), обезбедувајќи ги начелата на заемност и солидарност, работниците самостојно ги уредуваат односите во користењето на средствата наменети за решавање на станбените потреби и ги утврдуваат основите и мерилата за утврдување редот на првенството за доделување на стан. Од напред изложеното произлегува дека е самоуправно право на работниците во организациите на здружениот труд, тргнувајќи од конкретните состојби на нерешените станбени прашања и можностите за нивното решавање, при утврдувањето редот на првенството за доделување станови, да можат да утврдат и такви основи и мерила како што се постојната станбена состојба, работниот стаж и слично.

Со оглед на тоа што подолгиот работен стаж во Работната организација, за разлика од еднаквото вреднување на работниот стаж во и вон Работната организација при утврдувањето на ранг-листата за доделување станови, е утврден како дополнителен основ за давање предимство за доделување на стан, во случај кога кандидатите имаат ист број на бодови, Судот утврди дека членот 40 став 3 од оспорената Самоуправна спогодба не е во несогласност со означените одредби од Уставот на СР Македонија и Законот за станбените односи.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 142/86
1 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Димче Козаров**, с. р.

**642.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 8 октомври 1986 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 113 став 1 алинеја 3 од Самоуправната спогодба за здружување во Стопанска Банка — Основна банка Струга и член 75 став 1 алинеја 3 од Статутот на означената Банка, усвоени на седницата на Конститутивното собрание на Банката одржано на 20 декември 1977 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означената Банка на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 244/85 од 11 декември 1985 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актите означени во точката 1 на оваа одлука. Постапката беше поведена затоа што се постави прашањето за согласноста на оспорените членови со член 210 став 3 од Уставот на СР Македонија и за нивната спротивност со член 167 од Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека во оспорените одредби од актите означени во точката 1 на ова решение, помеѓу другите услови за именување на индивидуален работоводен орган, е предвидена и морално-политичката подобност на кандидатот.

5. Согласно Оддел II став 3 алинеја 9 од Основните начела, како и според член 204 од Уставот на СР Македонија, граѓаните се еднакви во правата и должностите во согласност со уставноста и законитоста. Според член 210 став 3 од Уставот, секое работно место и функција во општеството е достапна на секој граѓанин под еднакви услови. Законот за здружениот труд во член 167, исто така предвидува дека секој може слободно, рамноправно и под еднакви услови, на начин утврден со закон и со самоуправен општ акт, да заснова работен однос со работниците во основната организација на здружениот труд. Во член, 168, пак, од Законот се пропишани општите услови за засновање работен однос (15 години живот и општа здравствена состојба) и едновремено се предвидени општите рамки за утврдување на посебните услови што треба да ги утврдат работниците во основната организација на здружениот труд, поаѓајќи пред се од природата и карактерот на процесот на трудот и условите под кои тој се врши, односно поаѓајќи од природата, карактерот и значењето на работите и работните задачи што ќе ги врши работникот.

Со оглед на изнесеното, Судот смета дека нема основ во Уставот и во Законот во самоуправните општи акти како посебен услов за вршење на определени работи и работни задачи да се бараат морално-политички квалитети, односно да се бара од работникот да ги докажува своите морално-политички квалитети. Предвидувањето на таков услов, според мислењето на Судот, го попречува остварувањето на достапноста на секое работно место на секој граѓанин под еднакви услови и создава основ за нееднаквост на граѓаните во остварувањето на правото на работа.

Од друга страна, постои уставен основ со закон да се предвиди ограничување на достапноста на определено работно место во однос на лица кои дејствувале против основните вредности на нашето општествено и политичко уредување (член 251 став 2 од Уставот). Во врска со тоа, само кога е во прашање именување на работоводен орган, Законот за здружениот труд во член 511 на определено време ја ограничува достапноста на тоа работно место за лица кои се осудени на безусловна казна затвор за кривични дела против основите на социјалистичкото

општествено уредување и безбедноста на земјата, како и други кривични дела определени во овој член од Законот.

Со оглед на тоа што во оспорените одредби од Самоуправната спогодба за здружување и Статутот како посебен услов е предвидена морално-политичката подобност, Судот утврди дека тие не се во согласност со Оддел II став 3 алинеја 9 од основните начела, со член 204 и 210 став 3 од Уставот на СР Македонија и дека се во спротивност со член 167 и 168 од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 244/85
8 октомври 1986 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Димче Козаров**, с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА СТАРОСНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

**302.**

Врз основа на член 27 став 2 од Законот за старосното осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ" број 15/78) и член 26 став 1 точка 17 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците („Службен весник на СРМ" бр. 21/82), а во согласност со Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците, на седницата одржана на 23 септември 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА МИНИМАЛНИТЕ СТАРОСНИ И СЕМЕЈНИ ПЕНЗИИ ВО 1986 ГОДИНА

Член 1

Заради порастот на трошоците на животот во 1986 година минималните старосни пензии и семејните пензии до висината на минималната старосна пензија се усогласуваат за 66,7 насто и изнесуваат 2500 динари месечно.

Член 2

Основицата за определување износот на зголемувањето на пензиите од член 1 на оваа одлука претставува износот на пензијата што му припаѓа на корисникот на пензија за месец јуни 1986 година.

Член 3

Зголемувањето на пензиите според оваа одлука припаѓа сметано од 1 јули 1986 година.

Член 4

Усогласувањето на пензиите според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на решение.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јули 1986 година.

Бр. 01-44
23 септември 1986 година
Скопје

Претседател,
**Мефаил Имери**, с. р.

ЗДРУЖЕНА СИЗ НА КУЛТУРАТА НА ГРАД СКОПЈЕ

**303.**

Врз основа на член 67 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на културата на општината Кисела Вода, Собранието на СИЗ на културата на општината Кисела Вода, на седницата одржана на 30 октомври 1986 година, на предлог на Извршниот одбор, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ОД ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ПРИДОНЕС ОД ДОХОД ОД СТОПАНСТВОТО И ПРИДОНЕС ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД НЕСТОПАНСКА ДЕЈНОСТ ЗА КУЛТУРАТА ЗА МЕСЕЦ НОЕМВРИ 1986 ГОДИНА

Член 1

Се ослободуваат организациите на здружен труд од здружување средства од придонес од доходот од стопанството и придонес од личен доход од нестопанска дејност за културата за месец ноември 1986 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува за месец ноември 1986 година.

Бр. 03-26/1
31 октомври 1986 година
Скопје

Претседател,
**Томо Чаловски**, с. р.

**304.**

Врз основа на член 67 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на културата на општината Чаир, Собранието на СИЗ на културата на општината Чаир, на седницата одржана на 30 октомври 1986 година, на предлог на Извршниот одбор, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ОД ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ПРИДОНЕС ОД ДОХОД ОД СТОПАНСТВОТО И ПРИДОНЕС ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД НЕСТОПАНСКА ДЕЈНОСТ ЗА КУЛТУРАТА ЗА МЕСЕЦ НОЕМВРИ 1986 ГОДИНА

Член 1

Се ослободуваат организациите на здружен труд од здружување средства од придонес од доходот од стопанството и придонес од личен доход од нестопанска дејност за културата за месец ноември 1986 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува за месец ноември 1986 година.

Бр. 03-24/1
31 октомври 1986 година
Скопје

Претседател,
**Авгула Огњановска**, с. р.

**305.**

Врз основа на член 67 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на културата на општината Карпош, Собранието на СИЗ на културата на општината Карпош, на седницата одржана на 30 октомври 1986 година, на предлог на Извршниот одбор, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ОД ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ПРИДОНЕС ОД ДОХОД ОД СТОПАНСТВОТО И ПРИДОНЕС ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД НЕСТОПАНСКА ДЕЈНОСТ ЗА КУЛТУРАТА ЗА МЕСЕЦ НОЕМВРИ 1986 ГОДИНА

Член 1

Се ослободуваат организациите на здружен труд од здружување средства од придонес од доходот од стопанството и придонес од личен доход од нестопанска дејност за културата за месец ноември 1986 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува за месец ноември 1986 година.

Бр. 03-25/1
31 октомври 1986 година
Скопје

Претседател,
**Билјана Ангеловска,** с. р.

---

**306.**

Врз основа на член 67 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на културата на општината Гази Баба, Собранието на СИЗ на културата на општината Гази Баба на седницата одржана на 30 октомври 1986 година, на предлог на Извршниот одбор, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ОД ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ПРИДОНЕС ОД ДОХОД ОД СТОПАНСТВОТО И ПРИДОНЕС ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД НЕСТОПАНСКА ДЕЈНОСТ ЗА КУЛТУРАТА ЗА МЕСЕЦ НОЕМВРИ 1986 ГОДИНА

Член 1

Се ослободуваат организациите на здружен труд од здружување средства од придонес од доходот од стопанството и придонес од личен доход од нестопанска дејност за културата за месец ноември 1986 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува за месец ноември 1986 година.

Бр. 03-24/1
31 октомври 1986 година
Скопје

Претседател,
**Јованчо Царлиев,** с. р.

---

**307.**

Врз основа на член 67 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на културата на општината Центар, Собранието на СИЗ на културата на општината Центар, на седницата одржана на 30 октомври 1986 година, на предлог на Извршниот одбор, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ОД ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ПРИДОНЕС ОД ДОХОД ОД СТОПАНСТВОТО И ПРИДОНЕС ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД НЕСТОПАНСКА ДЕЈНОСТ ЗА КУЛТУРАТА ЗА МЕСЕЦ НОЕМВРИ 1986 ГОДИНА

Член 1

Се ослободуваат организациите на здружен труд од здружување средства од придонес од доходот од стопанството и придонес од личен доход од нестопанска дејност за културата за месец ноември 1986 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува за месец ноември 1986 година.

Бр. 03-27/1
31 октомври 1986 година
Скопје

Претседател,
**Мухамет Шерифи,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА НА ГРАД СКОПЈЕ

**308.**

Врз основа на член 35 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на физичката култура на град Скопје, Собранието на СИЗ на физичката култура на град Скопје, на седницата одржана на 31 октомври 1986 година, на предлог на Извршниот одбор, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ОД ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ОД ПРИДОНЕС ОД ДОХОД ОД СТОПАНСТВОТО И ПРИДОНЕС ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД НЕСТОПАНСКА ДЕЈНОСТ ЗА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА ЗА МЕСЕЦ НОЕМВРИ 1986 ГОДИНА

Член 1

Се ослободуваат организациите на здружен труд од здружување средства од придонес од доходот од стопанството и придонес од личен доход од нестопанска дејност за физичката култура за месец ноември 1986 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува за месец ноември 1986 година.

Бр. 03-422/1
31 октомври 1986 година
Скопје

Претседател,
**Предраг Спасовски,** с. р.

---

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за утврдување право на сопственост на неподвижен имот по тужбата од Саит и Бајазит Сулејмани, двајцата од Скопје, ул. „Коста Абрашевиќ“ бр. 63, против Рафик Халил, порано од Скопје, ул. „117“ бр. 1, сега со непозната адреса.

Се повикува тужениот да се јави во овој суд во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас или да го извести судот за својата сегашна адреса. Во

спротивно, ќе му се постави привремен старател кој ќе ги штити неговите интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, IV П. бр. 1534/86. (143)

Пред овој суд е заведен спор од Барија Абдулова Јусуфова од Скопје и други лица против Зубел Бектешов Џемал, порано од Скопје, сега со непозната адреса, за сопственост на куќа во Скопје.

Се поканува тужениот да се јави во судот или да го извести за неговата точна адреса во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас. Во спротивно, ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги штити неговите интереси.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, IV П. бр. 2011/86. (144)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Зеќири Џемил од с. Желино, против тужената Зеќири Кијмет од Тетово, сега со непозната адреса во странство.

Се повикува туженета Зеќири Кијмет, од татко Мехмет, да се јави во судот, да достави адреса или да одреди полномошник кој ќе ја застапува во постапката по овој предмет во рок од 30 дена по доставувањето на огласот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1143/86. (142)

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Фи. бр. 191 од 25. IV. 1986 година, на регистарска влошка бр. 104 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Културно-образовна установа „Браќа Миладиновци" — Струга, ц. о., со следните податоци: Лице овластено за застапување на РО е Попоска Евда, в. д. директор, неограничено.

И престанува овластувањето на Уранија (Нина) Попоска.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 191/86. (364)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 198 од 5. V. 1986 година, на регистарска влошка бр. 62 ја запиша во судскиот регистар промената на фирмата и проширувањето на дејноста на СИЗ за образование и наука — Битола, со следните податоци: Се менува називот на Самоуправната интересна заедница за образование и наука — Битола и истиот гласи: Општинска самоуправна интересна заедница за образование општествена заштита на децата и научни дејности — Битола, со Ц. О.

Основната дејност на Општинската заедница е остварување на утврдените цели и задачи во областа на предучилишното и основното воспитание и образование, општествена заштита на децата и научните дејности во согласност со Уставот, Законот, самоуправната спогодба за основање и Статутот на Заедницата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 198/86. (368)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 317 од 18. VII. 1986 година, на регистарска влошка бр. 303, ја запиша во судскиот регистар промената на фирмата на Р. О. Училиште за средно образование „Јосип Броз Тито" — Битола, со Ц. О., со следните податоци: Се менува фирмата на Гимназијата „Јосип Броз Тито" — Битола и истата гласи: Училиште за средно образование „Јосип Броз Тито" — Битола, со Ц. О.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 317/86. (369)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 311 од 7. VII. 1986 година, на регистарска влошка бр. 540-06, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на ООЗТ Р. О. за основно образование и воспитание „11 Октомври" — Битола, ООЗТ ЦОУ „Иво Рибар Лола" — с. Кукуречани, со следните податоци: Лице овластено за застапување на ООЗТ е Ѓешовски Борис, директор, со полни овластувања.

И престанува овластувањето на Божиноска Милка.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 311/86. (371)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 328 од 25. VII. 1986 година, на регистарска влошка бр. 10 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Завод за заштита на спомениците на културата и народен музеј — Охрид, со ц. о., со следните податоци: Лице овластено за застапување на РО е Волканоски Миле, в. д. директор, со неограничени овластувања.

Му престанува овластувањето на Волканоски Миле, привремен управник.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 328/86. (376)

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија

## ОБЈАВУВА

дека ќе врши избор на претседател на Окружниот стопански суд во Штип и на еден судија во Окружниот суд во Скопје

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите од член 91 од Законот за редовните судови, пријавите да ги поднесат до Собранието на Социјалистичка Република Македонија — Комисија за прашања на изборите и именувањата, во рок од 15 дена, сметано од денот на објавувањето.

## ИСПРАВКА

Во конкурсот бр. 388, објавен во „Службен весник на СРМ" бр. 34 од 20 септември 1986 година се врши исправка на рокот за поднесување на пријави за подобност и понуди, и тоа наместо „15 дена" треба да стои „45 дена".

РО РЕК „БИТОЛА"

## СОДРЖИНА

611. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за организацијата и делокругот на Стручните служби на Собранието на СРМ 921
612. Одлука за изменување на Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и другите примања и надоместоци на функционерите што ги избира, односно именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — 921
613. Одлука за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надо-

местоци на носителите на правосудните функции што ги избира и именува Собранието на СРМ и функционерите и раководните работници во Стручните служби на Собранието на СРМ — — — — — — 922
614. Одлука за разрешување и избор на судии на Врховниот суд на Македонија — — 925
615. Одлука за именување заменик јавен обвинител на Македонија — — — — — — 925
616. Одлука за именување заменик на Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето — — — — — — — 926
617. Одлука за избор на членови на Комисијата за уставни прашања на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — 926
618. Одлука за именување членови на Координационото тело за општествена самозаштита на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — 926
619. Одлука за разрешување и именување член на Републичкиот комитет за меѓународни односи, Републичкиот комитет за информации и Републичката комисија за односи со верските заедници — — — — — 926
620. Одлука за именување републички советник во Собранието на СРМ — — — — 926
621. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за усогласување на минималните старосни и семејни пензии во 1986 година — — — — — — — — 927
622. Одлука за именување членови на Комисијата за избори и именување индивидуален работоводен орган на ООЗТ Клиника за хируршки болести — Скопје — — — — 927
623. Одлука за именување членови во Комисијата за изготвување предлог за именување директор на ООЗТ Институт за заштита на растенијата при Земјоделскиот факултет — Скопје — — — — — — — 927
624. Одлука за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Машинскиот факултет во Скопје — — — 927
625. Одлука за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување директор на Клиниката за хематологија при Медицинскиот факултет — Скопје — 927
626. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за утврдување предлог за именување директор на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје — — — — — — — 928
627. Одлука за делегирање член на Комисијата за следење спроведувањето на Општествениот договор за заедничките критериуми и мерила за решавање на станбените потреби на работниците во организациите на здружениот труд и работните заедници — — — — — — — — — 928
628. Одлука за делегирање делегати во Собранието на Титовиот фонд на Социјалистичка Република Македонија за стипендирање млади работници и деца на работници 928
629. Одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на РО „Вардар-филм" — Скопје за именување директор на РО за производство на филмови „Вардар-филм" — Скопје — — — — — — — — — 928
630. Одлука за разрешување и избор на членови и заменици на членовите на Одборот за наградата „АВНОЈ" — — — — — 928
631. Одлука за разрешување и избор на член на Одборот за наградата „Едвард Кардељ"
632. Одлука за разрешување и именување претставник на општествената заедница во Советот на Машинскиот факултет — Скопје 929
633. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита „Елисие Поповски—Марко" — 929
634. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Институти при Медицинскиот факултет — Скопје — — — — 929
635. Одлука за разрешување и именување претставник на општествената заедница во Советот на ООЗТ — Институт за сточарство при Земјоделскиот факултет во Скопје — 930
636. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Универзитетскиот центар за биолошки и биотехнички науки во Скопје 930
637. Одлука за разрешување и именување претставници на Собранието на СРМ во Советот на Лотарија — — — — — — — 930
638. Одлука за давање согласност на Одлуката за именување главен директор на Советот на ЖТО Скопје — — — — — — 930
639. Одлука за потврдување на Статутот на Републичката заедница за научно-истражувачка дејност — Скопје — — — — 930
640. Уредба за дефинирање, договарање, следење и прифаќање на научноистражувачки проекти кои целосно или делумно се финансираат од средствата на Републиката 931
641. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 142/86 од 1 октомври 1986 година 932
642. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 244/85 од 8 октомври 1986 година 932

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ
302. Одлука за усогласување на минималните старосни и семејни пензии во 1986 година 933
303. Одлука за ослободување на организациите на здружен труд од здружување средства од придонес од доход од стопанството и придонес од личен доход од нестопанска дејност за културата за месец ноември 1986 година — — — — — — — — 933
304. Одлука за ослободување на организациите на здружен труд од здружување средства од придонес од доход од стопанството и придонес од личен доход од нестопанска дејност за културата за месец ноември 1986 година — — — — — — — — 933
305. Одлука за ослободување на организациите на здружен труд од здружување средства од придонес од доход од стопанството и придонес од личен доход од нестопанска дејност за културата за месец ноември 1986 година — — — — — — — — 934
306. Одлука за ослободување на организациите на здружен труд од здружување средства од придонес од доход од стопанството и придонес од личен доход од нестопанска дејност за културата за месец ноември 1986 година — — — — — — — — 934
307. Одлука за ослободување на организациите на здружен труд од здружување средства од придонес од доход од стопанството и придонес од личен доход од нестопанска дејност за културата за месец ноември 1986 година — — — — — — — — 934
308. Одлука за ослободување на организациите на здружен труд од здружување средства од придонес од доход од стопанство и придонес од личен доход од нестопанска дејност за физичката култура за месец ноември 1986 година — — — — — 934

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**